ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

# Извештај за хуманитарна онлајн аукција „Акција за реакција" одржана од 02.06.2020 до 15.06.2020 година




**СТАР - Првиот Колектив на Сексуални Работници на Балканот**, организираше **хуманитарна онлајн аукција „Акција за реакција"** на донирани дела за помош и поддршка на сексуалните работници во време на криза предизвикана од КОВИД-19. Хуманитарниот онлајн настан кој траеше од **02.06.2020 – 15.06.2020 год.**, беше организиран по повод одбележувањето на **2-ри јуни – Меѓународниот ден на сексуалните работници**, со цел собирање на финансиски средства кои ќе бидат наменети за помош и поддршка на сексуалните работници и нивните семејства, најчесто многудетни и на самохрани мајки.

Хуманитарната аукција беше организирана онлајн на Фејсбук профилот на СТАР: https://www.facebook.com/starsexwork/. На хуманитарната аукција, учество земаа 19 автори/здруженија, а 15 лица донираа финансиски средства преку наддавање за омилените дела.

Изразуваме најискрена благодарност до следниве автори на дела:
Дизајнерите Индог - Горан Костовски, Ирина Тошева, EMANU, модната куќа LUDUS, The Red Edition – Sex Work Migrant Group, писателите Петар Андоновски и Румена Бужаровска, книжара „Полица", уметничката Roxenn, Здружение ХОПС - Опции за здрав живот Скопје преку нивната креативна акција за општествени промени #реупотребигоумот, галерија „Леонардо", фотографките Ерина Богоева, Лилика Стрезоска, Елена Фиданска, Ирена Мила и Анита Березњак, уметничките Јана Јакимовска и Катерина Димитровска и фотографот Влатко Деков, кои донираа свои дела и придонесоа за успешна реализација на хуманитарната аукција.

На хуманитарната онлајн аукција „Акција за реакција" беа собрани вкупно **34.600 денари**. Собраните финансиски средства ќе бидат наменети за помош и поддршка на сексуалните работници и нивните семејства кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба поради КОВИД-19 пандемијата. Им се заблагодаруваме на сите оние кои наддаваа на аукцијата и донираа за сексуалните работници.

Во духот на транспарентноста и јавната отчетност, ги објавуваме продадените дела за време на хуманитарната аукција „Акција за реакција, и износот на донираните средства:

| Бр. | Автор на делото | Опис на делото | Донирани средства |
|---|---|---|---|
| 1. | **Горан Костовски – Индог** | „Celebrate Life" дуксер | 2500 денари |
| 2. | **Горан Костовски – Индог** | „Celebrate Life" дуксер | 2500 денари |
| 3. | **Ирина Тошева** | Дизајнирана маица „СИМПА ТИ + ЈА" | 1800 денари |
| 4. | **Модна куќа LUDUS** | Асиметричен фустан од колекцијата „Devoid" | 1650 денари |
| 5. | **Модна куќа LUDUS** | Асиметричен фустан од колекцијата „Devoid" | 4000 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | **The Red Edition – Sex Work Migrant Group** | Дизајнирана маица за Europe Pride „Sex work is real work“ | 500 денари |
| 7. | **The Red Edition – Sex Work Migrant Group** | Дизајнирана маица за Europe Pride „Sex work is real work“ | 400 денари |
| 8. | **The Red Edition – Sex Work Migrant Group** | Дизајнирана маица за Europe Pride „Respect sex workers“ | 700 денари |
| 9. | **The Red Edition – Sex Work Migrant Group** | Дизајнирана маица за Europe Pride „Respect sex workers“ | 600денари |
| 10. | **Петар Андоновски** | Комплет од три книги: „Страв од варвари“,„Очи со боја на чевли“ и „Тело во кое треба да се живее“ | 1600 денари |
| 11. | **Румена Бужаровска** | Збирка раскази „Не одам никаде“ | 400 денари |
| 12. | **Румена Бужаровска** | Збирка раскази „Чкртки“ | 650 денари |
| 13. | **Румена Бужаровска** | Збирка раскази „Мојот маж“ | 500 денари |
| 14. | **Книжара „Полица“** | Комплет од три книги „Крајот на Еди“, „Историја на насилството“ и „Ние децата од железничката станица „ЗОО““ | 2000 денари |
| 15. | **Книжара „Полица“** | Книга „Крајот на Еди“ | 500 денари |
| 16. | **Книжара „Полица“** | Книга „Историја на насилството“ | 500 денари |
| 17. | **Книжара „Полица“** | Книга „Историја на насилството“ | 600 денари |
| 18. | **Roxenn** | Рачно изработена лампа „The desired fish“ | 3000 денари |
| 19. | **Галерија „Леонардо“** | Уметничка слика „Девојката со ружа“ | 1200 денари |
| 20. | **Ерина Богоева** | Изложбена фотографија „Catch“ | 700 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21. | **Ерина Богоева** | Изложбена фотографија „Небото над ГТЦ“ | 1000 денари |
| 22. | **Лилика Стрезоска** | Изложбена фотографија „Две од оние“ | 2000 денари |
| 23. | **Елена Фиданска** | Изложбена фотографија „Две од оние“ | 2000 денари |
| 24. | **Ирена Мила** | Изложбена фотографија „Две од оние“ | 2000 денари |
| 25. | **Влатко Деков** | Врамена фотографија „Жена“, од фото проектот Прага | 1300 денари |

**СТАР-Првиот Колектив на Сексуални Работници на Балканот**, во име на заедницата и духот на солидарноста, испраќа благодарност до сите физички и правни лица кои дадоа значаен придонес кон реализација на оваа аукција.

До следно наддавање и подобри времиња надвор од пандемија.

Солидарен поздрав,

Борче Божинов, Претседател

СТАР-СТАР СКОПЈЕ Здружение за поддршка на маргинализирани работници